ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Михајло Маневски, министер за правда и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за правда

ПОВЕРЕНИК: Здравка Скалова, раководител на Сектор во Министерството за правда

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

## за дополнување на Законот за парнична постапка

Скопје, декември 2008 година

**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.19-6512/1**
**9.12.2008 година**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С О Б Р А Н И Е
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

| Примено | 12 -12- 2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 5473/1 | | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за дополнување на Законот за парнична постапка, што го утврди на седницата, одржана на 9.12.2008 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Михајло Маневски, министер за правда и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за правда, а за повереник Здравка Скалова, раководител на Сектор во Министерството за правда.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил: Сузана Пољоска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

*сб/*

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Министерството за правда соочено со предизвикот да го креира трансферот на оние извршни предмети кои ќе можат да се префрлат кај извршителите уште во почетокот на февруари 2008 година, започна со подготовките за анализа на извршните предмети кои се наоѓаат во судовите. Се започна со опсежна анализа на статистичките податоци кои судовите ги доставуваат до Министерството за правда и веднаш се констатира дека така прикажаната состојба на предмети ни оддалеку не одговара на реалната состојба со извршните предмети кај нив.

Имено, Основниот суд Скопје 2 во своите извештаи со години наназад заклучно со 31.08.2008 година прикажува бројка од 40-тина илјади предмети, иако знае дека само еден доверител (ЕВН) во истиот суд има огромен број на извршни предмети. Бројката на предметите од другите комунални претпријатија во Скопје сеуште е непозганица за Министерството за правда. Основниот суд Скопје 2 заклучно со 15.11.2008 година ја прецизира вкупната бројка на извршни предмети во работа пред судот на 319.175 предмети, од кои што само 4.671 се издадени вр основа на судски пресуди, додека остатокот се предмети по веродостојни исправи од комуналните претпријатија ( ЕВН, Водовод, Топлификација....).Притоа најголемиот доверител е ЕВН чиј што број на предмети ја надминува бројката од 186.000. Овој суд не е исклучок и таквата состојба се повторува скоро во сите судови во земјата.

Министерството за правда, соочено со ваквите поразителни сознанија , а од друга страна заложбата за создавање на ефикасен систем на распределба на предметите кај извршителите, се соочи со потребата од согледување на реалната состојба со извршните предмети во секој од судовите.

За реализација на утврдената цел, Министерството за правда со несебична и безрезервна подршка на Проектот за имплементација на реформите во правосудството/УСАИД, кое го подржува и помага Министерството за правда од самиот старт на реформа на извршувањето во Република Македонија, започна процес на скенирање на извршните предмети. По процесот на скенирање Министерството за правда креираше сосема нов начин на анализирање на извршните предмети во судовите, кој овозможи добивање на реална слика за вкупната бројка и структурата на извршните предмети во истите. Ова пред се беше потребно заради прецизирање на бројот на предметите кои би требало да се трансферираат кај извршителите, креирање на системот на трансфер, избегнување на

двојното оптоварување на доверителите со авансирање на трошоците на извршување и сл.

Податоците од оваа анализа укажаа на следната состојба со веродостојните исправи во Република Македонија :

- Огромен број на предмети околу 77% отпаѓаат на веродостојните исправи. Процентот на предметите кои се однесуваат на веродостојните исправи кои пак го имаат статусот на извршни исправи (биле уредно доставени и станале правосилни) согласно Законот за извршување е различен и варира од суд до суд. На пример во основните судови Прилеп, Куманово и Гостивар процентот е околу 35%, Основен суд Тетово 16 %, за да во Основниот суд Скопје 2 овој процент се движи околу 18%.

- Бројот на предметите по веродостојна исправа за кои што доверителите ги платиле судските такси, го надминува бројот 306.386 илјади, и спореден со вкупната бројка на досега евидентирани извршни предмети изнесува 46 %.

Само податоците од ЕВН Скопје, како најголем доверител во државата, обработени од Проектот, укажуваат дека такси се платени по сите предлози за извршување. Но затоа пак процентот на неизвршливи веродостојни исправи кај нив го надминува процентот од 81%. Ова се должи на фактот дека таквите исправи воопшто не се доставувани до должниците години наназад, а во предметот освен еден испечатен примерок на Предлог за извршување нема ништо друго. Голем проблем претставува фактот дека ЕВН (дел од поранешното ЕСМ), но и другите комунални претпријатија биле препуштени самите на себе да ја спроведуваат извршната постапка 20-на години наназад. Ако порано оправданието било барано во тоа дека станувало збор за јавни претпријатија, факт е дека комуналните препријатија веќе преминаа во приватна сопственост – некои од нив и на странски лица, што го прави недозволиво натамошното делегирање на судската надлежност кај истите.

Со Предлогот на закон за измени и дополнувања на Законот за извршување се уредува начинот на кој ќе се врши трансферот на извршните предмети од судовите кај извршителите и се додаваат одредби за постапување по предлогот за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, со кои се предвидува предлозите за издавање на платни налози врз основа на веродостојна исправа да се поднесуваат кај нотарите, кои ќе донесат решение со кое се дозволува извршувањето. По приговор против решението со кое се дозволува извршување, одлучува судот на чие подрачје е седиштето на нотарот кај кој е поднесен приговорот.

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за парничната постапка се иземаат предлозите за издавање на платни налози врз основа на веродостојна исправа од судска надлежност, бидејќи станува збор за неспорни ситуации. Судовите треба да постапуваат само во спорните ситуациии, односно само во ситуации каде што има правораздавање. Издавањето на платни налози врз основа на веродостојна исправа е во суштина неспорна ситуација во која неучествува тужениот, бидејќи судот ја издава врз основа на веродостојни исправи. Судот може да постапува по предлогот за издавање на платен налог само доколку доверителот докаже дека има правен интерес. Со дополнувањата на Законот за парнична постапка, нотарите ќе постапуваат по овие предмети во постапка за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, уредена во Законот за извршување. На овој начин судовите ќе се растеретат од предметите заведени по тужба со предлог за издавање на платен налог, со што би се овозможило создавање на услови за ефикасно постапување по предметите кои што претставуваат вистинска судска надлежност-одлучување по спорни граѓански и стопански предмети, стечајни постапки и одлучување за кривична одговорност на граѓаните на Република Македонија во кривичните постапки.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените законски решенија е создавање на ефикасно судство и растеретување на судовите од огромниот број на предмети заведени како тужба со предлог за издавање на платен налог, врз основа на веродостојни исправи. Со предложеното законско решение се иземаат од судска надлежност предлозите за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи. По предлозите за издавање на платни налози врз основа на веродостојна исправа ќе постапуваат нотарите во постапка по предлогот за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа која што е уредена со Законот за извршување

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.

Предлогот на закон за дополнување на Законот за парничната постапка не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства.

## V ЗАКОНИ КОИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ И ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОВОЈ ЗАКОН

Донесувањето на Предлог закон за дополнување на Законот за парничната постапка треба да се донесе во пакет со измени на Законот за извршување , заради уредување на постапката за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за парничната постапка ( “Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05 и 110/08 ) во членот 418 по став (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

“(4) Кога врз основа на веродостојна исправа доверителот може да бара од нотарот да донесе решение со кое се дозволува извршување, судот ќе издаде платен налог само ако тужителот го стори веројатно постоењето на правен интерес за издавање на платен налог.

(5) Ако тужителот не го стори веројатно постоењето на правниот интерес за издавање на платниот налог, судот ке ја отфрли тужбата. “

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за парничната постапка е систематизиран во два законски члена. Со член 1 се дополнува член 418 со додавање на два нови става (4) и (5) со кои се утврдува дека кога врз основа на веродостојна исправа доверителот може да бара од нотарот да донесе решение со кое се дозволува извршување, судот ќе издаде платен налог само ако тужителот го стори веројатно постоењето на правен интерес за издавање на платен налог. Ако тужителот не го стори веројатно постоењето на правниот интерес за издавање на платниот налог, судот ќе ја отфрли тужбата

Со членот 2 се уредува датумот на влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за парничната постапка.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

/

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се започе процесот на намалување на бројот на предметите кои се наоѓаат пред судовите на Република Македонија, кои што со години наназад го оптоваруваат македонското судство. Најголемиот број на предмети пред македонските судови, се предлози за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи. Со преносот на надлежноста за постапување по предлози за издавање на платни налози за донесување на решенија со кои се дозволува извршувањето врз основа на веродостојни исправи од судовите кај нотарите, ќе се овозможи создавање на услови за ефикасно постапување по предметите кои што претставуваат вистинска судска надлежност-одлучување по спорни граѓански предмети, стечајни постапки и одлучување за кривична одговорност на граѓаните на Република Македонија во кривичните постапки. Со ова ќе се направи уште еден исчекор нанапред за реализација на крајната цел, а тоа е создавање на ефикасно судство во Република Македонија.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

### Член 418

(1) Кога тужбеното барање се однесува на пристигнато побарување во пари, а тоа побарување се докажува со веродостојна исправа приложена кон тужбата во оригинал или во заверен препис, судот ќе му издаде налог на тужениот да го исполни тужбеното барање (платен налог).

(2) Како веродостојни исправи се сметаат особено:

1) јавни исправи,

2) приватни исправи на кои потписот на обврзникот го заверил органот надлежен за заверување,

3) меници и чекови со протест и со повратни сметки ако тие се потребни за засновање на барање,

4) изводи од заверени деловни книги,

5) фактури и

6) исправи кои според посебни прописи имаат значење на јавни исправи.

(3) Судот ќе издаде платен налог иако тужителот во тужбата не предложил издавање на платен налог, а се исполнети сите услови за издавање на платен налог.